АЛАРМ

# РИСОТ ПРЕД ИСТРЕБУВАЊЕ



ЧЕТИРИ фотоапарати со инфрацрвени сензори го „ловат" рисот во националниот парк Маврово. Оваа несекојдневна метода се спроведува во рамките на долгорочниот проект на Македонското еколошко друштво (МЕД) за закрепнување и за заштита на автохтоната популација на балканскиот рис, помогнат од странски партнери.

МЕД анкетира 553 ловци, ловочувари, шумарски инженери, сточари, ветеринари и инспектори во 149 села во западниот и во југозападниот дел на Македонија и спроведе неколку теренски истражувања.

- За жал, иако рисот е трајно заштитен со закон во Македонија и кривично се одговара за негов лов, за време на истражувањето беа пронајдени неколку штавени кожи и едно препарирано младенче на рис - вели Диме Меловски, асистент на проектот.

Во однос на другите претставници од видот, балканскиот рис е со помали димензии, крзното му е поинтензивно обоено од крзното на скандинавскиот рис.

Овој вид, кој живее на територијата на Македонија, е пред истребување.




САБОТА - НЕДЕЛА
26-27. 01. 2008